РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 18-6137/34
06 AUG 2026 20 год./viti

Врз основа на член 205 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 82/18, 154/19, 76/20, 178/21, 58/24 и 124/25) и Пресудата У-1.бр.289/2026 и У-1.бр.290/2026 на Управниот суд на Република Северна Македонија, министерката за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ
## за поништување на диплома и додаток на диплома за завршен втор циклус на академски студии

1.Со ова Решение се поништуваат:

- Дипломата и додатокот на дипломата со бр.1953 од 17.09.2021 година, со 60 ЕКТС кредити со просек 9.86 и стекнат назив Магистар по специјална едукација и рехабилитација од областа на моторни нарушувања, на име Денис Арсовски од Пробиштип, издадени од Филозофски факултет – Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје.

2.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По задолжение на директорот на Државниот просветен инспекторат бр.31-38 од 16.01.2026 година, а во однос на Иницијатива ИП1бр.31-38 од 16.01.2026 година, доставена од деканот на Филозофски факултет – Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје, извршен е вонреден инспекциски надзор во Филозофскиот факултет – Универзитет „Кирил и Методиј" – Скопје во однос на запишани студенти на втор и трет циклус на студии со завршен прв циклус стручни студии и составен е Записник за извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.31-38 од 04.03.2026 година.

По извршениот увид во врска со предметот на надзор констатирани се следниве неправилности:

- Студентот Денис Арсовски бил запишан на втор циклус академски студии на Филозофски факултет – Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје, спротивно на член 135 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 82/18, 154/19, 76/20, 178/21, 58/24 и 124/25), во академската 2019/2020 спротивно на член 2 и член 5 став 1, 2 и 5 од Правилникот за условите, критериумите и правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр.417 од 29.01.2019 година (во натамошниот текст: Правилникот).

Имено, студентот Денис Арсовски од Пробиштип имал завршено прв циклус стручни студии, со стекнати 180 ЕКТС кредити и втор циклус стручни специјалистички студии на Висока медицинска школа на Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, со стекнати 60 ЕКТС кредити.

На студентот Денис Арсовски од Пробиштип за да ги исполни условите за запишување на втор циклус академски студии на Филозофскиот факултет – Скопје, во

академската 2019/2020 кредитите му биле пресметани како збир од прв циклус стручни студии и втор циклус специјалистички студии (180+60= 240), што е спротивно на условот за запишување на втор циклус академски студии и спротивно на горенаведените законски и подзаконски акти.

Од страна на Управниот суд на Република Северна Македонија, е донесена Пресуда У-1 бр.289/2026 и У-1 бр.290/2026 од 18.06.2026 година, со која тужбата на тужителот Денис Арсовски од Пробиштип против Решението за поништување на диплома и додаток на диплома за завршен втор циклус на академски студии, бр.18-6137/7 од 29.04.2026 година, се уважува и Решението за поништување на диплома и додаток на диплома за завршен втор циклус на академски студии бр.18-6137/7 од 29.04.2026 година на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија се поништува. Во Пресудата се дадени насоки и напатствија за постапување на Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат, па при повторното одлучување, ценејќи ги истите Министерството за образование и наука утврди дека студентот Денис Арсовски од Пробиштип не ги исполнува условите за запишување на втор циклус на академски студии согласно член 135 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 82/18, 154/19, 76/20, 178/21, 58/24 и 124/25), односно е запишан на втор циклус на академски студии спротивно на член 2 и член 5 став 1, 2 и 5 од Правилникот.

Имено, согласно член 135 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 82/18, 154/19, 76/20, 178/21, 58/24 и 124/25) на студиска програма од постдипломски академски студии која трае една година и со која се стекнуваат 60 ЕКТС кредити може да се запише само лице кое завршило додипломски студии во траење од најмалку 4 години со кои се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити.

Согласно цитираниот член и стекнатото претходно образование студентот нема завршено додипломски академски студии од прв циклус во траење од најмалку 4 години со кои се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити, односно студентот има завршено прв циклус стручни студии на Висока медицинска школа на Универзитетот Св.Климент Охридски" - Битола во траење од 3 години со стекнати 180 ЕКТС кредити.

Во однос на горенаведениот член од законот, стекнататите 60 ЕКТС кредити од втор циклус стручни специјалистички студии на Висока медицинска школа на Универзитетот Св.Климент Охридски" - Битола не може да се додадат на кредитите од прв циклус (180 ЕКТС) и како збир (180+60) да овозможи студентот да го исполни условот од 240 ЕКТС за упис на академски студии.

Во однос на запишување и завршување на студиите, студентот втор циклус стручни специјалистички студии завршил во месец февруари 2018 година, а новиот Закон за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 82/18) е донесен и стапил во сила во месец мај 2018 година и во овој закон во преодните и завршните одреби не е утврдено дека студентот во понатамошното студирање ги задржува условите и правата за упис по стариот Закон за високото образование. Имајќи во предвид дека студентот Денис Арсовски од Пробиштип се запишал на втор циклус академски студии во академската 2019/2020 година кога во сила е новиот Закон за високо образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 82/18) со јасно

определени одредби за упис на втор циклус академски студии, произлегува дека студентот Денис Арсовски од Пробиштип не може да се повика на одредбите од Законот за високото образование кој бил во сила до донесување на новиот Закон за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 82/18).

Студентот Денис Арсовски од Пробиштип, на Филозофскиот факултет на втор циклус акдемски студии е запишан спротивно на условите наведени во Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ Скопје во учебната 2019/2020 година, објавен во месец јули 2019 година, каде во глава 2 јасно е наведено дека право на конкурирање имаат кандидатите кои ги исполнуваат општите услови, односно да завршиле прв циклус студии на соодветни или сродни студии и кои ги исполнуваат другите услови предвидени во студиските програми за организирање на вторт циклус студии на соодветениот факултет, односно научен институт.

Согласно наведеното, студентот Денис Арсовски од Пробиштип, е запишан по студиска програма/Проект за повторна акредитација на едногодишна (60 кредити) студиска програма по специјална едукација и рехабилитација-моторни нарушувања од II (втор) циклус на студии на Филозофскиот факултет, акредитирана со Решение за акредитација на студиската Специјална едукација и рехабилитација-Моторни нарушувања, втор циклус студии на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, со бр.1404 од 07.02.2019 година, во која на страна 9 точка 11 јасно се определени условите за запишување односно на оваа студиска програма: „може да се запишат кандидати со завршени четиригодишни студии на прв циклус студии 240 ЕКТС или кандидати со завршено високо образование VII/1 степен пред воведување на ЕКТС кредити од општествени хуманистички науки и други сродни научни дисциплини".

Имајќи ја во предвид горенаведената студиска програма на која студентот бил запишан во учебната 2019/2020 година, неспорно произлегува дека истиот не ги исполнувал условите за запишување наведени во Образец на додаток на диплома точка 3 подточка 3.4 каде како услов за запишување на предметната студиската програма стои „завршени додипломски студии VII/1 степен/4 години пред воведување на ЕКТС или завршен прв циклус студии 4 години, 8 семестри со 240 кредити".

Условите за запишување на студентот Денис Арсовски од Пробиштип јасно се определени и во член 2 од Правилникот за условите, критериумите и правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр.417 од 29.01.2019 година односно „студентот се запишува согласно закон, правилник и конкурсите за запишување на прв и втор циклус студии". Оттука согласно одредбите од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 82/18) во кои не е дозволено лице кое завршило стручни студии да може да се запише на академски студиски програми од втор циклус, како и согласно Конкурсот, наведената студиска програма и одредбите од Правилникот, студентот Денис Арсовски од Пробиштип не ги исполнувал условите за запишување на втор циклус академски студии на Филозофскиот факултет. Имено согласно член 5 став 1, став 2 и став 5 од Правилникот, студентот нема завршено соодветна студиска програма од

прв циклус академски студии, нема завршено соодветни додипломски студии, што е спротивно на ставот 5 од горецитираниот член, во кој јасно е наведено дека на „студиска програма од втор циклус студии која трае една година можат да се запишат само лица кои завршиле прв циклус студии во траење од најмалку 240 ЕКТС кредити односно додипломски студии во траење од најмалку 4 години“.

Од страна на Државниот просветен инспекторат до Министерството за образование и наука доставено е Известување Ип1 бр.31-38 од 27.04.2026 година, со кое известување сме задолжени како Министерство за образование и наука да постапиме согласно член 205 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/18, 154/19, 76/20, 178/21, 58/24 и 124/25).

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука: Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот, до Управниот суд на Република Северна Македонија.**

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска**

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот,
- Државен просветен инспекторат
- Филозофскиот факултет – Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје
- Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје
- архивата

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT • МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА • MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS • СКОПЈЕ-SHKUP • РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • 1

Подготвил:Б.Митковски
Одобрил: М.Масникоса